ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04-883/11
**Датум:** 26.10.2020

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18) и член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр. 01-290/1 од 19.04.2017 година и бр. 01-837/1 од 12.11.2018 година) а во врска со Извештај од спроведена селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија заведена под број 04-883/9 од 26.10.2020 година, со предлог на избор на кандидат за работно место по Интерен оглас за унапредување заведен под број 04-883/3 од 09.10.2020 година и објавен истиот ден, доставен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 03-883/6 од 15.10.2020 година, на ден 26.10.2020 година, Главниот државен ревизор донесе:

## ОДЛУКА

**за невршење на избор на кандидат за унапредување на работно место Виш соработник – Виш ревизор за унапредување на ревизијата и систематизирање на резултатите од ревизијата**

1. **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат по интерниот оглас заведен под број 04-883/3 од 09.10.2020 година.
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со член 69 став (3) и став (4) од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр.01-290/1 од 19.04.2017 година и бр.01-837/1 од 12.11.2018 година) а во врска со Годишниот план за вработување за 2020 година на Државниот завод за ревизија бр.01-735/1 од 30.12.2019 година, за кој е добиена претходна согласност од Министерство за финансии бр.08-112/7-2 и претходна согласност од Министерство за информатичко општество и администрација бр.12/6-346/2 од 15.01.2020 година, и Известување за обезбедени финансиски средства за унапредување од Министерство за финансии бр.18-609/2 од 14.01.2020 година, дадена по барање согласност за унапредување на Државниот завод за ревизија бр.04-44/1 од 13.01.2020 година, објавен е интерен оглас за унапредување заведен под 04-883/3 од 09.10.2020 година.


INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED

Со оглед дека, согласно Извештај од спроведената постапка за селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија одржана на 22.10.2020 година, заведена под број 04-883/9 од 26.10.2020 година, за работното место за кое е објавен интерниот оглас, конкурирал еден кандидат, вработената Ема Столеска, која согласно заклучокот на членовите на комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 03-883/6 од 15.10.2020 година, НЕ ГИ ДАЛА потребните одговори на поставените прашања на интервјуто наменети за кандидатите, членовите на комисијата едногласно предлагаат главниот државен ревизор да донесе одлука за невршење избор на кандидат на наведеното работно место.

Во согласност со член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија, врз основа на поднесениот Извештај од спроведена постапка за селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија, работодавачот односно главниот државен ревизор е должен да донесе Одлука за избор во рок од три дена, главниот државен ревизор одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатот и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**м-р Максим Ацевски**

Изработил: м-р Александар Поповски